# Службен гласник
## на Општина Струмица


| Број 21 | Петок, 16. 10. 2009 год. |
| --- | --- |

www.strumica.gov.mk


**Содржина**


**Градоначалник на општина Струмица:**

Стр.

**315.** **Одлука** за организирање на јавна анкета по Нацрт - Деталниот урбанистички план за блок 21 во град Струмица ............................................ 2

**316.** **Одлука** за организирање на јавна презентација по Нацрт – Деталниот урбанистички план за блок 21 во град Струмица ................................................ 3

Стр.

**317.** **Решение** за именување на Комисија за спроведување на јавна презентација и јавна анкета по Нацрт – Деталниот урбанистички план за блок 21 во Струмица ................................................ 3

**315.**

Врз основа на член 26 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ “ број 51/05 ) и член 39 од Статутот на општина Струмица - пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање на јавна анкета по Нацрт - Деталниот урбанистички план за блок 21 во град Струмица**

1. Се организира јавна анкета по Нацрт–Деталниот урбанистички план за блок 21 во град Струмица.

2. Одлуката за организирање јавна анкета ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, Секторот за уранизам и комунални работи, ВЕБ страницата на Општина Струмица, “Службен гласник на општина Струмица” и средствата за јавно информирање.

3. Јавната анкета ќе трае 10 работни денови од објавувањето на Одлуката.

4. Нацрт – Деталниот урбанистички план за блок 21 во град Струмица ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул. ”Ленинова” во соба број 3.

5. Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

6. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во ”Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр.08-6061/3
16.10.2009 год.
С т р у м и ц а

Градоначалник
на општина Струмица
Зоран Заев с.р.

...................................

**316.**

Врз основа на член 26 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” број 51/05 и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање на јавна презен-тација по Нацрт – Деталниот урбанистички план за блок 21 во град Струмица**

1. Се организира јавна презентација по Нацрт–Деталниот урбанистички план за блок 21 во град Струмица.

2. Одлуката за организирање јавна презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, Секторот за уранизам и комунални работи, ВЕБ страницата на Општина Струмица, “Службен гласник на општина Струмица” и средствата за јавно информирање

3. Јавната презентација ќе се одржи на ден 30.10.2009 година во 12,00 часот во просториите на Дом на АРМ Струмица.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 08-6061/4 Градоначалник
16.10.2009 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.................................

**317.**

Врз основа на член 24 точка 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” број 51/05) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за именување на Комисија за спроведување на јавна презентација и јавна анкета по Нацрт – Деталниот урбанистички план за блок 21 во град Струмица**

1. За членови во Комисијата за спроведување на јавна презентација и јавна анкета по Нацрт – Деталниот урбанистички план за блок 21 во Струмица ги именувам:

- Стојан Динев – Раководител на Секторот за урбанизам и комунални работи;

- Илија Шалев – претставник на изготвувачот на Нацрт – планот;

- Александар Цицимов – дипломиран архитект надворешен член.

2. Се задолжува Комисијата да ја спроведе јавната презентација на ден 30.10.2009 година во 12,00 часот во просториите на Дом на АРМ – Струмица, а јавната анкета во рок од 10 работни дена од денот на објавувањето на Одлуката за организирање на јавната анкета.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 08-6061/5 Градоначалник
16.10.2009 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.